РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-710/4
02.01 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 44 седница одржана на 11.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Стоматологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" СКопје**

1. Се акредитира студиската програма „Стоматологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" СКопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на стоматолошки науки/во меѓународен промет академски назив: Doctor of dental science.
Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство; Научно – истражувачко поле: Стоматологија, Научно - истражувачко област: - максилофацијална хирургија; детска и превентивна стоматологија; - ортодонција,- стоматолошка протетика; -дентална патологија,реставративна стоматологија и ендодонција; - имплантологија; - орална медицина и пародонтологија; - форензична стоматологија; - орална хирургија; - рендген дијагностика во стоматологијата;- друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: 1 Даница Поповиќ Моневска Редовен професор, 2 Сузана Двојаковска Божовиќ Редовен професор, 3 Антонио Кирков Редовен професор, 4 Ќиро Ивановски Редовен професор, 5 Мирјана Поповска Редовен професор, 6 Анета Атанасовска Стојановска Редовен професор, 7 Снежана Пешевска Редовен професор, 8 Силвана Георгиева Редовен професор, 9 Маја Пандилова Редовен професор, 10 Вера Радојкова Николовска Редовен професор, 11 Емилија Стефановска Редовен професор, 12 Кристина Митиќ Редовен професор, 13 Стевица Ристоска Редовен професор, 14 Катарина Дирјанска Редовен професор, 15 Соња Апостолска Редовен професор, 16 Лидија Поповска Редовен професор, 17 Илијана Муратовска Редовен професор, 18 Василка Ренџова Редовен професор, 19 Марина Ефтимоска Вонреден професор, 20 Елизабета Георгиевска Редовен професор, 21 Ана Сотировска Ивковска Редовен професор, 22 Златко Ѓеоргиевски Редовен професор, 23 Мира Јанкуловска Редовен професор, 24 Мери Павлеска Редовен професор ,Александар Димков Редовен професор, 26 Билјана Капушевска Редовен професор, 27 Весна Коруновска Стевковска Редовен професор, 28 Гордана Ковачевска Редовен професор, 29 Јадранка Бундевска Редовен професор, 30 Сашо Еленчевски Редовен професор, 31 Сања Панчевска Редовен професор,32 Емилија Бајрактарова Ваљакова Вонреден професор, 33 Анета Мијоска Вонреден професор, 34 Наташа Ставрева Вонреден професор, 35 Сашо Јовановски Редовен професор, 36 Борис Величковски Редовен професор, 37 Оливер Димитровски Редовен професор, 38 Марија Пеева Петреска Редовен професор, Марина Кацарска Редовен професор, 40 Едвард Јанев Редовен професор, 41 Даниела Велеска Стевковска Редовен професор, 42 Гордана Апостолова Вонреден професор, 43 Лидија Кануркова Редовен професор, 44 Габриела Ќурчиева Чучкова Редовен професор, 45 Цветанка Бајрактарова Мишевска Редовен професор, 46 Наташа Тошеска Спасова Редовен професор, 47 Билјана Ципунова Редовен професор, 48 Јулијана Николовска Редовен професор, 49 Ирена Гавриловиќ Вонреден профеор, 50 Благоја Даштевски Вонреден професор, 51 Надица Јанева Вонреден професор.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-1139/7 од 29.09.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Стоматологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-2770/1 од

07.10.2025 година (наш бр. 08 - 710/1 од 09.10.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 41-та седницата одржана на 10.10.2025 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 710/3 од 12.12.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 44-та седница одржана на 11.12.2025 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски